### ИЗЛОЖБАТА НА ОРДАН ПЕТЛЕВСКИ - ПРИМЕР ЗА ЗБЛИЖУВАЊЕ НА НАРОДИТЕ

# Наоѓајќи ја уметничката и егзистенционалната рамнотежа

"Неодамна, македонскиот министер за култура, Димитар Димитров, и јас, пред хрватската јавност ја отворивме ретроспективата на сликарот Ордан Петлевски во Загреб, со идеја да ја пренесеме овде во Скопје и да и ја претставиме на македонската јавност. Навистина сум среќен и задоволен што сум во вашата земја по овој повод. Сметам, дека сите треба да бидеме горди на неговиот уметнички опус - Македонија, како негова родна земја, и Хрватска, како средина каде што тој активно твореше. Со оваа изложба го потврдуваме не само големото значење на овој македонски уметник, туку и одличната меѓудржавна културна соработка меѓу Македонија и Хрватска. Изложбата, исто така, ги потврдува добрите желби за натамошна културна соработка, со која ќе се продолжи традицијата на минатото и ќе се продлабочи во иднината", изјави министерот за култура на Хрватска, **Божо Бишкупиќ** на отворањето на изложбата на Ордан Петлевски во Скопје.



"Изложбата на Петлевски е плод на соработката меѓу Министерствата за култура на Македонија и на Хрватска. Делата на овој уметник претставуваат бисери во ликовната уметност. Секое Министерство и секоја Влада би можеле да посакаат ваква содржина, која е резултат на една ваква културна соработка меѓу две земји. Петлевски со своето дело е пример за зближување меѓу народите. Тој ги врзува македонскиот и хрватскиот народ со заедничка љубов, која заеднички ја споделуваме. Овој уметник претставува доблест, како на нашата ликовна уметност, така и на хрватската", рече **министерот Димитров** во заедничкото обраќање што го имаа со Бишкупиќ на отворањето на големата ретроспектива на Петлевски.

Сите 238 дела, кои се изложени во Музејот на современа уметност, следат една хронолошка патека на творештвото на овој значаен автор.

Неговата ќерка Сибила Петлевски, во монографијата за Петлевски пишува: "Мојот татко за себе одбра нималку лесна, но во краен случај, спасоносна животна перспектива. Пронаоѓајќи ја уметничката и егзистенцијална рамнотежа, својот личен златен рез, со мирна душа можеше да изјави: Јас не можам да бидам ниту помалку, ниту повеќе од тоа што сум. Моето сликарство е мојата судба".

Ивана **Тасев**